**Известување за концентрација со која Арицома Груп а.с. од Република Чешка ќе стекне целосна контрола над Цонсултинг 4У с.р.о. од Република Чешка**

**(предмет бр. 08-39 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на Арицома Груп а.с. со регистрирано седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка над Цонсултинг 4У с.р.о. со регистрирано седиште на Велленерова 134/7, Нова Улице, 779 00 Оломоуц, преку купопродажба на 100% од акциите во Цонсултинг 4У с.р.о.

- **Арицома Груп а.с.** е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании и се фокусира на имплементација и поддршка на деловните информациски апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Арицома Груп а.с. обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за ГДПР/усогласеност. Арицома Груп а.с.припаѓа на ККЦГ Крупацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии и е активна во 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

**-Друштво за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр.2 Скопје-Гази Баба и со приоритетна дејност-дејности на коцкање и обложување;

**-Друштво за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија-КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр.2 Скопје-Гази Баба со приоритетна дејност- дејности на коцкање и обложување;

**-Друштво за информатичка технологија СЕАВУС ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул.1-ти Октомври бр.33А/Центар 1 Скопје и со приоритетна дејност-компјутерско програмирање;

**-Друштво за едукација СЕАВУС ЕДУКАТИВН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул.1-ти Октомври бр.33А/Центар 1 Скопје и со приоритетна дејност-друго образование неспомнато на друго место и

**-Друштво за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДОЕЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3 кат 4/канц.4003 Скопје и со приоритетна дејност-компјутерско програмирање.

**-Цонсултинг 4У с.р.о.** е во сопственост на 5 физички лица, чешки државјани и нема никакви подружници. Се фокусира првенствено на обезбедување услуги во областа на анализа, имплементација и поддршка на информациски системи за планирање и управување со деловни ресурси.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

22.02.2023 година

Скопје